До:
Македонска берза за хартии од вредност
Ул. "Орце Николов" бр. 75
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Скопје, 14.03.2024 година

Предмет: Известување за ценовно чувствителна информација

Согласно Глава VI од Правилата за котација на Македонската Берза за хартии од вредност АД Скопје, Ве известуваме за следната ценовно чувствителна информација:

На седницата на Одборот на Директори на Макстил АД Скопје ("**Макстил**") одржана на ден 07.03.2024 година одлучено е да се одобри план за набавка на основни средства и нови инвестициски проекти чија реализација ќе започне во 2024 година, со планиран вкупен буџет од 7.642.806 Евра. Финалната вредност на набавените основни средства и инвестициските проекти ќе бидат презентирани во ревидирнаните финансиски извештаи на друштвото што ќе бидат реализирани во следните известувачки периоди.
Новите инвестиции во основни средства и инвестициски проекти надминуваат 10% од капиталот на друштвото, определено врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи и имаат за цел унапредување на ефикасноста на производствените процеси во компанијата, обезбедување на безбедна работна средина и заштита на здравјето на вработените, подобрување на условите за работа подобрување на квалитетот на производите.
Отпочнувањето со реализацијата на секој од планираните Проектите утврдени во оваа одлука ќе биде предмет на дополнително одобрување од страна на Одборот на Директори.

**МАКСТИЛ АД Скопје**

Горан Алексовски
Директор сметководство и финансии

Акционерско друштво за производство и трговија со производи на црна металургија „МАКСТИЛ" СКОПЈЕ